Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 29.05.2024 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За урбанистичка документација ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 04.02 СО НАМЕНА А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ И ДЗ - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: осовина на ул. "Партизанска", осовина на ул. "Борис Крајгер", осовина на ул. "7-ми Конгрес" и граница на ДУП/, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на урбанистичка документација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 04.02 СО НАМЕНА А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ И ДЗ - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: осовина на ул. "Партизанска", осовина на ул. "Борис Крајгер", осовина на ул. "7-ми Конгрес" и граница на ДУП/, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Цепокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедуванье на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живот и работа. Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класите како и класи кои се компатибилни на основните класи: А и Д. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организираните простори со намени предвидени во ГУП, ДУП и Измена и дополна на ДУП, во границите на градежниот опфат на општина Штип. Предметниот простор со површина од (68635,63м2) градежно претставува изграден простор и содржини со основна намена по ГУП домување, една од целите на урбанистичкиот план е максимално почитување на катастарски парцели и нивно вклопување во планот, бидејќи планската задача е со веќе однапред дефинирана цел и со дадени насоки од нарачателот на планската документација, новопланираната урбанистичка документација на планскиот опфат се планираат градежни парцели главно со намена домување.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18/24-132
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов

Scanned with CamScanner